Табла за игра за европските вредности

1 табла за игра за одделението

48 карти што треба да се исечат

6 фигури за играње и една коцка што треба да се склопи

1 диплома

Совет за наставниците

# ЕВРОПСКИТЕ ГЛАВНИ ВРЕДНОСТИ



COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# 820 МИЛИОНИ ЕВРОПЕЈЦИ

### Советот на Европа и Европската унија, чувари на европските вредности

**Советот на Европа и Европската унија споделуваат исти фундаментални вредности – човекови права, демократија, слобода, разноликост, еднаквост и почитување на другите. Тие дејствуваат во насока на заштита на овие вредности, но тие се и две одделни организации.**

**Советот на Европа** е основан на 5 мај 1949, во пресрет на Втората светска војна со цел јакнење на човековите права, демократијата и правдата во цела Европа. Има 47 држави членки, вклучително и 28-те земји членки на Европската унија. Советот на Европа покрива географска област која се простира од Исланд до Азербејџан и од Турција до Русија. Работи на голем број социјални прашања и дава предлози до владите на земјите членки за нивно решавање. Сите држави членки на Советот на Европа ја имаат потпишано Европската конвенција за човекови права. Секој поединец кој смета дека некое негово право не се почитува во неговата земја има право да поднесе жалба до Европскиот суд за човекови права. Сите држави членки мора да ги применуваат одлуките на Судот. Седиштето на Советот на Европа се наоѓа во Стразбур, Франција. Организацијата претставува 820 милиони Европејци.

\> **www.coe.int**
\> **www.coe.int/en/web/human-rights-convention**

Целта на **Европската унија** е да поттикне поблиски економски и политички врски помеѓу своите 28 држави членки, преку усогласување на нивното законодавство и практики во голем број на сектори. Европската унија е огромен пазар во кој повеќе не постојат граници помеѓу земјите членки. Европејците можат да патуваат, студираат и да работат било каде во Европската унија. Исто така постои слободно движење на стоките и еврото е усвоено како официјална валута во 19 од 28-те држави членки. Законите кои ги усвојува Европската унија директно се применуваат од страна на земјите членки. Европската унија претставува 500 милиони Европејци. Институциите на Европската унија се сместени во Брисел (Белгија), Луксембург (Луксембург) и Стразбург (Франција).

\> **europa.eu**

## Знаме за цела Европа !

Европското знаме, воведено од страна на Советот на Европа во 1955, се состои од дванаесет ѕвезди на сина основа. Европската унија го усвои истото знаме во 1986. Бројот 12 симболизира перфекција, целосност, месеците во годината и часовите во денот. Кругот на ѕвезди ја симболизира поврзаност на луѓето во Европа.

Држави членки (со сино на Советот на Европа и на Европската унија, а со зелено само на Советот на Европа)
Австрија, Азербејџан, Албанија, Андора, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Германија, Грузија, Грција, Данска, Ерменија, Естонија, Ирска, Исланд, Италија, Кипар, Латвија, Литванија, Лихтенштајн, Луксембург, Малта, Република Молдавија, Монако, Норвешка, Обединето Кралство, Полска, Португалија, „поранешна југословенска Република Македонија", Романија, Руската Федерација, Сан Марино, Словачка, Словенија, Србија, Турција, Унгарија, Украина, Финска, Франција, Холандија, Хрватска, Црна Гора, Чешка, Швајцарија, Шведска, Шпанија.





# ЕВРОПА Е ВАЖНА ПРАШАЊЕ НА ВРЕДНОСТИ

**Оваа игра е создадена од Советот на Европа, европска институција која се грижи за почитување на човековите права. Целта е младите луѓе да се запознаат со шесте вредности кои се почитуваат насекаде во Европа. Постојат и други вредности, но ние одлучивме да се фокусираме на овие шест: разноликост и недискриминација, родова еднаквост, слободни избори/право на глас, праведен судски систем, слобода на изразување и укинување на смртната казна.**

## ШТО ПРЕТСТАВУВА ВРЕДНОСТ?

Вредноста е начин на живот, начин на кој се однесуваш или постапуваш кога сметаш дека нешто ти е многу битно. Вредноста ни служи како модел на кој се огледуваме и ни помага да направиме правилен избор, помагајќи ни на тој начин да живееме заедно во хармонија. Ние имаме лични вредности, семејни вредности и исто така постојат вредности кои ги почитува општеството, земјата во која живееме и заеднички вредности. Кога ќе кажеме дека нешто има вредност со тоа велиме дека тоа е значајно за нас, дека има вредност. Вредностите исто така се правила или начела кои се значајни за нас и кои сакаме и другите да ги почитуваат. Шесте вредности прикажани во оваа игра се однесуваат на три области во кои дејствува Советот на Европа:

- **човекови права**
- **правда**
- **демократија.**

## ШТО СЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА?

Човековите права претставуваат суштинска потреба. Тие се основни правила без кои човековите суштества не би можеле да живеат достоинствено. Повредата на човековите права на одредено лице значи дека со тоа лице не се постапува како да е човечко суштество. Не само возрасните, туку и децата имаат права. Секој треба да прифати дека ќе ги почитува правата на другите.

## ШТО Е ДЕМОКРАТИЈА?

Демократијата доаѓа од грчките зборови demos, кој значи народ и kratos, кој значи власт. Демократијата означува дека власта и припаѓа на сите членови на општеството. Граѓаните, на избори, ги избираат лицата што сакаат да ги претставуваат. Демократијата исто така се применува и во село и во одделение. Секој има право да учествува! Спротивна на демократијата е диктатурата, каде власта се наоѓа во рацете на еден моќен поединец.

## ШТО Е ПРАВДА?

Демократската држава мора да ги почитува правилата содржани во Уставот и законите. Граѓаните исто така мора да ги почитуваат овие закони, при што сите се еднакви пред законот. Правниот систем, преку судовите,одлучува дали одредено лице го почитува или не законот.

# ПРАВИЛА НА ИГРАТА

**Времетраење на играта: 30 до 60 минути**
**Број на играчи: 2-30**
**Возраст: 8-12**

**Иако играта може да се игра и во помала група составена од најмалку 2 лица, таа првенствено е наменета за цели одделенија.**

## ЦЕЛ НА ИГРАТА

**Целта на играта е да се поминат 24-те ѕвезди на таблата за игра за европските вредности. Тимот кој прв ќе го изоди патот е победник.**



## ЗА ПОДГОТОВКА НА ИГРАТА, ПОТРЕБНО Е:

**1. Материјали кои не се обезбедени:** ножици, лепило или селотејп за коцката и за фигурите за играње, фломастери или боички, листови бела хартија (за креативните предизвици).

**2. Материјали кои се обезбедени:**
– Табла за игра.
– Фигури што треба да ги исечеш и составиш (освен ако веќе имаш 6 фигури во различна боја).
– Коцка која треба да ја исечеш и склопиш (освен ако веќе имаш коцка).
– Карти кои ги прикажуваат вредностите и кои треба да ги исечеш и да ги разделиш во 6 одделни купчиња, свртени со обоениот дел нагоре соодветно на 6-те бои на таблата за игра.

Во одделението, препорачуваме да играте во тимови составени од 4 до 6 деца. Некој возрасен може да им помага на децата во играта за да разјасни било какво прашање или да се објаснат одредени теми во повеќе детали. Доколку има двајца возрасни во одделението, може да предложите 2 табли за игра. Предлагаме да спотие неколку маси во средината на просторијата така што сите деца ќе можат да се соберат околу таблата за игра. Играта може исто така да се игра и на подот.

## КАКО СЕ ИГРА

Поставете ги фигурите за играње на полето еден. Тимот кој има најмлад учесник стартува прв. Играчот еднаш ја фрла коцката и потоа ги поместува фигурите напред за онолку места колку што изнесува бројот добиен при фрлање на коцката.

На пример: играчот ја фрла коцката и го добива бројот 4: тој ја поместува својата фигура за четири места напред, застанувајќи на зелено поле на таблата за игра; тогаш тимот треба да одговори на „зелено прашање“ кое соодветствува на вредноста „слободни избори“.

Тимот кој се наоѓа од левата страна ја зема картата и го чита на глас прашањето. Тимот кој игра го слуша прашањето, играчите меѓусебно се советуваат и потоа одговараат на прашањето. Доколку тимот даде точен одговор,тогаш ги следи упатствата „оди едно место напред“… Доколку тимот даде неточен одговор , тогаш останува на истото место.

Таа карта се става одоздола под купчето зелени карти и потоа тимот кој се наоѓа од левата страна ја фрла коцката. Додека тимот размислува за одговорот, останатите играчи исто така можат меѓусебно да се консултираат. На тој начин играта станува пожива и подинамична и останатите играчи не мора да чекаат многу долго.




## КРЕАТИВЕН ПРЕДИЗВИК

Некои од картите содржат „креативен предизвик“. Кога тимот ќе извлече таква карта, предизвикот се однесува на играчите од сите тимови. Сите учествуваат и можат да се придвижат за две места напред доколку одговорат на предизвикот.

## ЏОКЕР

На полето означено со „Џокер“, играчите можат да го изберат видот на прашањето на кое сакаат да одговараат. Играта завршува кога еден од тимовите ќе ја изоди таблата од почеток до крај.



# ПОИМНИК НА ЕВРОПСКИТЕ ВРЕДНОСТИ



## РАЗНОЛИКОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

Дискриминација е кога некое лице или група на лица се отфрлени поради нивното потекло, боја на кожа, пол, јазик, религија или политичко убедување … и поради тоа се лишени од нивните права. Дискриминацијата, која често се заснова на незнаење, предрасуди и стереотипи, настанува тогаш кога се плашиме од нешто што не ни е познато или кога нашиот страв нè прави сомнителни или агресивни спрема другите.



## РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Иако жените и мажите имаат еднакви права и еднакво достоинство, сепак тие не секогаш имаат еднакви можности во општеството. Како и сите други права, родовата еднаквост мора секогаш да се штити (на пример, еднаква плата, балансирано родово претставување во политиката и деловниот сектор).



## СЛОБОДНИ ИЗБОРИ

Демократијата се заснова на правото на глас и слободни избори. Во демократијата, власта се наоѓа во рацете на народот, кој ги избира своите претставници кои ги застапуваат неговите мислења. За жал, во многу земји, изборите сè уште не се слободни. Понекогаш шефот на државата самиот донесува одлуки на авторитарен начин. Во други прилики, изборите се местат за да победи одредена политичка партија.

**РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ ИЗБОРИ:**

> Парламентарни избори: граѓаните гласат за членови на парламентот на државата.
> Локални избори: граѓаните гласаат за претставник во град или област.
> Претседателски избори: граѓаните гласат за претседател на нивната држава.

Изборите се спроведуваат и во други ситуации: во училиште, во младински совети, во невладини здруженија, во деловни претпријатија…



## ПРАВЕДЕН СУДСКИ СИСТЕМ

Праведниот судски систем гарантира дека сите имаат право да се бранат пред суд, кој го применува законот на фер и праведен начин. Правдата е начело кое бара почитување на законите на земјата. Сите се еднакви пред законот. Судовите одлучуваат дали некое лице го почитува законот или не. Судството мора да биде независно од оние кои имаат политичка власт и мора да делува независно и непристрасно; во спротивно е корумпирано.



## СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

Слободата на изразување гарантира дека секој има право да го каже она што го мисли и да го изрази своето мислење. Ова фундаментално начело значи дека ние мора да ги почитуваме мислењата на другите, дури и кога се разликуваат од нашите. Со тоа се гарантира расправа и разноликост на мислењата во општеството. Меѓутоа, во демократското општество може да се смета за неопходно да се казнат сите форми на изразување со кои се шири или се оправдува омраза заснована на нетолеранција.



## УКИНУВАЊЕ НА СМРТНАТА КАЗНА

Смртната казна, или капиталната казна како што уште се нарекува, е одлука со која судот ги казнува на смрт оние лица кои се прогласени за виновни за најтешки кривични дела. Сите 47 држави членки на Советот на Европа повеќе не ја извршуваат смртната казна бидејќи со неа се повредува правото на живот, а со тоа претставува повреда на човековите права. Меѓутоа, таа сè уште постои во многу земји (Соединетите Американски Држави, Кина, Јапонија…).

# ПОИМНИК
# ТЕШКИ ЗБОРОВИ ШТО СЕ УПОТРЕБУВААТ ВО ИГРАТА

**УКИНУВАЊЕ:**
чин на отстранување на закон, практика, итн.

**ЦЕНЗУРА:**
Ограничувања на слободата на изразување. Цензурата вообичаено се практикува од тело кое има власт (државна или религиозна власт, на пример); се забранува објавување на било какво мислење (во весници, книги, филмови) што власите не го прифаќаат или мислење кое нив ги критикува.

**ГРАЃАНИН:**
лице кое има политички права и обврски во одредена земја. Граѓаните може да гласаат и да бидат избрани за политички функции. Во некои земји, граѓаните може да гласаат директно за или против закони.

**КАЗНУВАЊЕ:**
чин на прогласување на одредено лице за виновно за кривично дело и одредување на казна.

**КОРУПЦИЈА:**
искористување на нечија положба на авторитет или богатство за да се влијае при донесување на одлука и да се добие предност.

**ЧЛЕН НА ПАРЛАМЕНТ:**
избран член на парламент.

**НАВРЕДА/КЛЕВЕТА:**
навредливо мислење за некого, за кое не постојат докази и со кое се нарушува угледот на тоа лице. Секој кој е жртва на навреда или клевета може да поднесе тужба и да бара правда.

**ГОВОР НА ОМРАЗА:**
мислења што шират или оправдуваат било каква нетолеранција или дискриминација. Групи кои најчесто се жртви на говорот на омраза се: хомосексуалци, Евреи, Муслимани и жените.

**ДИСКРИМИНАЦИЈА:**
издвојување на една општествена група од другите со тоа што со неа не се постапува толку добро. Дискриминацијата создава нееднаквост помеѓу човечките суштества. Се заснова на разликите во раса, боја на кожа, сексуална определба, религија, возраст, попреченост, изглед, обичаи…

**СМРТНА КАЗНА:**
лишување од живот на лице кое е осудено на смрт.

**ХОМОФОБИЈА:**
страв или одбивање на хомосексуалците, и поопшто земено широк опфат на предрасуди и дискриминација на кои тие се изложени. Хомофобичното однесување може да биде во форма на вербален напад и исмејување, физичко насилство или исклучување (на пример, во претпријатие или спортски игри).

**ХОМОСЕКСУАЛНОСТ:**
сексуална привлечност и љубовен однос помеѓу лица од ист пол.

**МЕДИУМИ:**
сите средства за пренесување или емитување на информации до јавноста. Постојат четири главни медиуми: печатот (весниците), телевизијата, радиото и Интернетот (вклучително и социјалните медиуми и блоговите).

**ЕТНИЧКО МАЛЦИНСТВО:**
група на луѓе кои живеат во одредена земја, кои имаат јазик, религија, историја и обичаи различни од оние на мнозинството.

**ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА:**
организирана група на лица кои имаат заедничка визија за општеството и чија цел е да бидат избрани за да можат да ја спроведат својата програма.

**ЧЛЕН НА ПАРЛАМЕНТ:**
членот на парламент (на долниот или горниот дом) учествува во расправа за предложените закони и гласа за нивно усвојување.



**МОЌ:**
можност нешто да се стори физички или интелектуално, на пример:
Директорите на деловните претпријатија и политичарите имаат моќ бидејќи тие имаат средства да направат избор и да одлучат.

**ПРЕДРАСУДА:**
мислење кое некој го изразува без да ги знае фактите; однапред формирана претстава за одредено лице или група на лица.

**РАСИЗАМ:**
уверување дека постојат различни човечки раси и дека некои се инфериорни во споредба со другите; вид на однесување кое резултира од ваквото убедување: непријателство или нетолеранција кон одредена група на луѓе кои имаат друга религија, друга боја на кожа, други навики, со кратки зборови: различни.

**РОМИ:**
име дадено на номадски народи кои првично биле дојдени од Индија и кои се населиле во неколку европски земји. Тие го сочинуваат најголемото етничко малцинство во Европа. Ромите исто така се нарекуваат Кале, Цигани, Мануш, Јениш, Синти, Патувачи или едноставно Номади.

**СЛОГАН:**
кратка фраза со која се изразува одредена идеа и која го привлекува вниманието на јавноста. Слоганите се користат при рекламирање и во политиката (за време на политички настани, на пример) и тие лесно се помнат и лесно се разбираат и повторуваат.


СЛОБОДНИ
ИЗБОРИ


СЛОБОДНИ
ИЗБОРИ


СЛОБОДНИ
ИЗБОРИ


СЛОБОДНИ
ИЗБОРИ

# Демократија: грчка лекција



Демократијата доаѓа од грчките зборови demos што значи „народ", и kratos што значи „власт".

**Оттаму демократијата значи:**

**А – дека власта припаѓа на сите граѓани**

**Б – дека секој има право да прави што сака**

**В – дека шефовите на државите ги донесуваат сите одлуки**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор А:** Сите граѓани ги избираат своите претставници или оние кои донесуваа одлуки, кои потоа владеат со земјата.

# Дали треба да бидеш возрасен за да гласаш?



Во повеќето земји, не можеш да гласаш пред да наполниш 18 години, а некаде 21 година. Меѓутоа, постојат и земји каде младите луѓе можат да гласаат кога ќе наполнат 16 години.

**Каде во Европа, младите луѓе можат да гласаат кога ќе наполнат 16 години?**

**А – во Австрија и Шкотска (Обединето Кралство)**

**Б – во Шпанија и Шведска**

**В – во Турција и Италија**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор А:** Во Австрија и Шкотска (Обединето Кралство), возрасната граница за гласање е спуштена на 16 години. Ова делумно е случај и во Германија во зависност од видот на изборите.

# Право на глас на жените



Во една демократија, сите граѓани треба да имаат исти права и подеднакво да учествуваат во одлучувањето. Сепак, постојат разлики.

**Првата европска земја која го призна правото на жените да гласаат беше:**

**А – Франција**

**Б – Норвешка**

**В – Грција**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор Б:** Норвешка го призна правото на глас на жените во 1913, Франција во 1944 и Грција во 1952.

# Слободни политички партии



Политичката партија означува група на лица кои се собрале за да изнајдат решенија за проблемите, да изготват програми за дејствување и да предложат кандидати на изборите. Во демократијата, секој има право да основа политичка партија.

**Дали некој може да се кандидира на избори без да биде член на политичка партија?**

**А – да**

**Б – не**

**Доколку одговориш точно, оди 1 место напред**

**Одговор А:** Секое возрасно лице може да се кандидира на избори. Не е неопходно да се биде член на политичка партија.


СЛОБОДНИ ИЗБОРИ


СЛОБОДНИ ИЗБОРИ


РАЗНОЛИКОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА


СЛОБОДНИ ИЗБОРИ

# Плурални избори



**Кој може да гласа за изборите за Европскиот парламент?**

**А – граѓаните на 47-те држави членки на Советот на Европа**

**Б – граѓаните на 28-те држави членки на Европската унија**

**В – секој кој живее во Европа**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор Б:** Кога станува збор за европските избори, сите граѓани на Европската унија имаат право да гласат на изборите за членови на Европскиот парламент во земјата во која живеат. Но мора да имаш државјанство на една од 28-те држави членки на Европската унија.



# Креативен предизвик за сите!

**Изберете тема од интерес за целото одделение и разговарајте за аргументите „за и против“ 5 минути, а потоа гласајте.**

**Доколку гласате и донесете демократска одлука, одете 2 места напред**

# Да се учествува не значи само да се гласа!



Постојат голем број на начини на кој можеш да учествуваш во јавниот живот, а не само со гласање. Можеш да се вклучиш, да го изразиш своето мислење или да се посветиш на одредена кауза или акција.

**Дали знаеш некој начин на кој децата може да се вклучат во одлучувањето?**

**Доколку можеш да смилиш 2 начина, оди 3 места напред**

**Примери:** локални младински совети, претставници на одделението, приклучување кон некое здружение…

# Европа, вистинска мешавина



Европа е мешавина од многу истории, култури и народи. Силата на Европа лежи во нејзината разноликост.

**Колку јазици се зборуваат во Европа?:**

**А – 28**

**Б – 47**

**В – Повеќе од 200**

**Доколку одговориш точно, оди 1 место напред**

**Одговор В:** Во Европа се зборуваат и читаат повеќе од 200 јазици; тука се опфатени не само службениците јазици на одделни земји, тука и регионалните јазици.


РАЗНОЛИКОСТ И
НЕДИСКРИМИНАЦИЈА


РАЗНОЛИКОСТ И
НЕДИСКРИМИНАЦИЈА


РАЗНОЛИКОСТ И
НЕДИСКРИМИНАЦИЈА


РАЗНОЛИКОСТ И
НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

# Почитување на чувствата на другите луѓе



Доколку маж е вљубен во друг маж, тој е хомосексуалец. Доколку жена е вљубена во друга жена, таа е лезбејка (или хомосексуалка). Секој има право да љуби кого сака.

**Хомофобија е:**

**А – да се има страв од други луѓе**

**Б – отфрлање или повредување на друго лице затоа што е хомосексуалец или хомосексуалка**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор Б:** Понекогаш со хомосексуалците се постапува многу лошо. Во некои земји во светот, хомосексуалноста е забранета и строго се казнува!

# Црвена карта за расизам



Многу луѓе во Европа сè уште се прогонуваат поради нивната боја на кожа, религија или потекло.

**Дали имаш идеа како да се справиме со расизмот?**

**Доколку можеш да смилиш еден одговор, оди 1 место напред**

Постојат повеќе начини за справување со расизмот и дискриминацијата. Првиот чекор е да се признае состојбата и да се направи нешто, било со преземање на брза акција или да се разговара за тоа со некој возрасен. Исто така постојат здруженија кои им помагаат на жртвите на расизам и им ги објаснуваат различните видови на дискриминација на децата.

# Борба против дискриминацијата



**Борбата против дискриминацијата е:**

**А – да се обезбедат еднакви права за сите без оглед на разликите во род, возраст, националност, итн...**

**Б – прашање кое не ги засега децата**

**В – да не се зборува за тоа што нè прави различни**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор А:** Борбата против дискриминацијата нè засега сите нас, исто така и децата! Да се прифати соученик, кој изгледа различно, е прв чекор во борбата против дискриминацијата. И треба да се разговара за да ја надминеме!

# Дискриминација!



Дискриминацијата опфаќа исклучување на лице или група на лица, нивно навредување или лошо постапување со нив затоа што тие се различни.

**Дали си бил во ситуација во која имало дискриминација (врз тебе или врз некој што ти го познаваш) или дали ти си извршил дискриминација врз некого?**

**Сподели го искуството со другите и оди 2 места напред**

Битно е да знаеш како да ги препознаеш ситуациите во кои постои дискриминација за да можеш да зборуваш против дискриминацијата, како и да бидеш свесен за ситуациите во кои ти си дискриминирал некого дури и без да имаш намера за тоа.

## РАЗНОЛИКОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА



## РАЗНОЛИКОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА



## РАЗНОЛИКОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА



## РАЗНОЛИКОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА



# Мобилност, не е едноставно прашање



Луѓето се движат низ Европа за работа, да им се придружат и да бидат со нивните семејства или за да избегаат од војна во земјата од каде потекнуваат. На мигрантите не секогаш им е лесно да го најдат своето место во новата земја. Дали доаѓаш од друга земја? Дали твоите родители или предци (баба и дедо) дошле од друга земја?

**Дали знаеш зошто дошле да живеат во земјата во која сега живееш?**

**Оди 2 места напред за храброста да ја споделиш твојата приказна**



# Креативен предизвик за сите!

**За 5 минути, измислете песна против дискриминацијата. Секој треба да придонесе со еден ред во песната.**

**Доколку успеете да напишете кратка песна, одете 2 места напред**

# Роми



Ромите се најголемото етничко малцинство во Европа. Тие живеат скоро во сите европски земји и многу често се жртви на дискриминација.

**Колку Роми живеат на Европскиот континент?**

**А – 4 милиони**

**Б – 9 милиони**

**В – 12 милиони**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор В:** На Европскиот континент живеат околу 12 милиони Роми и скоро 6 милиони во Европската унија.

# Сите различни, сите еднакви



Помисли на нешто што ти е заедничко со останатите соученици и нешто те прави уникатен и на кое можеш да се гордееш.

**Сподели го тоа со другарите.**

**Оди 2 места напред за секое нешто што те прави она што си**

РОДОВА ЕДНАКВОСТ



РОДОВА ЕДНАКВОСТ



РОДОВА ЕДНАКВОСТ



РОДОВА ЕДНАКВОСТ



# Менување на општеството



**Борбата за родова еднаквост треба да ја водат:**

**А – сите членови на општеството**

**Б – младите луѓе**

**В – само жените**

**Доколку одговориш точно, оди 1 место напред**

**Одговор А:** Сите членови на општеството треба да направат најмногу што можат за да се обезбеди поголема родова еднаквост.

# Момчиња и девојчиња на училиште



Во многу сиромашни земји во светот, милиони девојчиња не одат на училиште. Тие мора да им помагаат на родителите во работата или мора да се мажат додека се млади.

**Во Европа, девојчињата имаат помалку квалификации од момчињата:**

**А – точно**

**Б – неточно**

**Доколку одговориш точно, оди 1 место напред**

**Одговор Б:** Тоа не е точно. Статистиката покажува дека девојчињата имаат малку повеќе квалификации од момчињата, но сепак девојчињата вообичаено се соочуваат и треба да надминат повеќе пречки за да се занимаваат со одредени професии!

# Однапред формираната идеа не е добра идеа!



Однапред формираната идеа е погрешно, претходно оформено мислење, кое за волја на вистината, не е добро осмислено. На пример, доколку мислиш дека некои професии се за мажи, а не и за жени, тоа е однапред формирана идеа. Да се верува дека девојчињата и момчињата автоматски се интересираат за различни видови играчки исто така е однапред формирана идеа!

**Дали навистина веруваш дека момчињата се подобри во математика, а девојчињата во јазици? Дискутирај за твоите идеи**

**Оди 1 место напред по дискусијата**

# Нееднаквост и насилство



Во многу земји, со девојчињата се постапува полошо отколку со момчињата поради обичаите или традициите. Момчињата имаат права кои не им се даваат на девојчињата. Девојчињата се мажат насила, тие понекогаш се жртви на насилство, лишени се од здравствена заштита и не им се дозволува да одат на училиште. Во Европа, девојчињата и жените се изложени на насилство, во нивните домови, на работа и на Интернет.

**Мажите исто така можат да бидат жртви на насилство:**

**А – точно**

**Б – неточно**

**Доколку одговориш точно, оди 1 место напред**

**Одговор А:** Мажите исто така се изложени на одредени форми на насилство како присилни бракови или домашно насилство, но не толку често и на не толку сериозни форми на насилство.


РОДОВА
ЕДНАКВОСТ


РОДОВА
ЕДНАКВОСТ


РОДОВА
ЕДНАКВОСТ


РОДОВА
ЕДНАКВОСТ

# Еднаква плата за еднаква работа



Дали е фер жените да бидат помалку платени од мажите за истата работа?

**Пресметано е дека денес во Европа мажите во просек заработуваат:**
**А – помалку од жените**

**Б – двојно повеќе од жените**

**В – 16% повеќе од жените**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор В:** Сè уште треба да се работи за да се овозможи жените да заработуваат исто толку колку и мажите: разликата од 16% во плата за истата работа не е фер. Некои луѓе велат дека тоа е така затоа што жените раѓаат деца и престануваат да работат, но тоа не е причина.

# Супер-хероини, супер-херои



**Во книгите и филмовите има повеќе супер –херои отколку супер-хероини:**

**А – точно**

**Б – неточно**

**Кој го сметаш за супер-херој? А за супер-хероина?Дискутирај со групата.**

**Доколку одговориш точно, оди 1 место напред**

**Одговор А:** Да, постојат повеќе супер-херои. Време е да ја измислиш твојата супер-хероина!

# Занимања за девојчиња, занимања за момчиња



Иако денес Европа нуди голем број на можности како за момчињата така и девојчињата, некои занимања односно професии сè уште се сметаат за женски и машки. Луѓето често ги дискриминираат или покажуваат со прст на момчињата кои имаат „женска работа“ или на девојчињата кои имаат „машка работа“.

**Најди три вида занимања кои се сметаат за „женски работи“ или „машки работи“ и дискутирај за нив со групите.**

**Оди 2 места напред**

Со некои занимања исклучиво се баваат еден од двата пола. Секоја година во Германија, еден ден во училиштата се посветува на запознавање на момчињата со „женските занимања“ и запознавање на девојчињата со „машките занимања“.

# Паритет



Паритет значи да им се овозможи на жените и на мажите еднаков пристап до образованието, здравството, спортот, пазарот на труд, медиумите и рекреативните активности. Тоа исто така значи можност за еднакво учество во политиката, одлучувањето, споделувањето на одговорности и обврски.

**Најди област во која сметаш дека момчињата и девојчињата се третираат еднакво. И област во која сметаш дека се третираат различно.**

**Оди 2 места напред**


УКИНУВАЊЕ НА
СМРТНАТА
КАЗНА


РОДОВА
ЕДНАКВОСТ


УКИНУВАЊЕ НА
СМРТНАТА
КАЗНА


УКИНУВАЊЕ НА
СМРТНАТА
КАЗНА



# Креативен предизвик за сите!

**За 5 минути, замислете дека припаѓате на спротивниот пол. Што би било различно? Што би можеле да правите што вообичаено не го правите? Што не би можеле повеќе да правите од она што сега го правите? Споделете ги своите размислувања.**

**Оди 2 места напред доколку ги споделите своите размислувања**

# Континент ослободен од смртна казна



Од 1997 смртната казна не се извршува во ниту една од 47-те држави членки на Советот на Европа.

**А што е со остатокот на светот? Колку земји ја укинале смртната казна?**

**А – 98**

**Б – 50**

**В – 20**

**Доколку одговориш точно, оди 1 место напред**

**Одговор А:** 98 земји ја укинале смртната казна. Другите земји официјално не ја укинале, но практично не ја извршуваат како казна (Амнести Интернешнал, 2014). Тоа значи дека светот се движи напред кон целосно укинување на смртната казна, но сепак постојат многу земји кои сè уште ја спроведуваат оваа казна.

# Што значи „укинување на смртната казна“?



Смртна казна (или „капитална казна“ ) е кога судовите ќе осудат некое лице на смрт. Тоа значи дека е одлучено дека некое лице сторило нешто толку лошо што е казнето со смрт. Со извршување на смртната казна, се дава овластување да се изврши убиство врз човечко суштество. Укинувањето на смртната казна пак значи дека овој вид на казна повеќе не постои.

**Која земја во светот прва ја укина смртната казна?**

**А – Соединетите Американски Држави**

**Б – Германија**

**В – Венецуела**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**одговор В:** Венецуела е првата земја која ја укина смртната казна, во 1863.

# Право на живот



Во член 2 од Европската конвенција за човекови права се вели дека секој има право на живот и дека тоа право е заштитено со закон. Лице кое ќе стори тешки кривични дела може да биде казнето со сериозна казна но нема да биде лишено од живот.

**Што мислиш кој одговор е точен?**

**А – никој не може да биде лишен од правото на живот**

**Б – криминалците не треба да ги имаат сите човекови права**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор А:** Никој не може да биде лишен од неговите човековите права, вклучително и правото на живот. Човековите права се „неотуѓиви“. Оттаму, никој нема право да му го одземе животот на друго лице.


УКИНУВАЊЕ НА
СМРТНАТА
КАЗНА

УКИНУВАЊЕ НА
СМРТНАТА
КАЗНА

СЛОБОДА НА
ИЗРАЗУВАЊЕ

УКИНУВАЊЕ НА
СМРТНАТА
КАЗНА

## Ризик од одземање на животот на невино лице



Грешки настануваат и судовите понекогаш можат да осудат лице кое е невино. Доколку постои смртната казна, секогаш постои ризик од одземање на животот на невино лице. Во Европа, се одлучи смртната казна повеќе да не се извршува. Судовите можат да осудат лице на парична казна, општо-корисна работа или затворска казна.

**Најди други видови на казни покрај смртната казна.**

**Сподели ги идеите со другите и оди 2 места напред**



## Креативен предизвик за сите!

**Смислете слоган за Европскиот ден против смртната казна - 10 октомври. Слоганот мора да биде краток, јасен и привлечен. Имате 5 минути.**

**Доколку успеете да смислите слоган, одете 2 места напред**

## 10 октомври, Европски ден против смртната казна



Советот на Европа и Европската унија востановија Европски ден против смртната казна. Целта е да се укине смртната казна еднаш засекогаш и да се спречат било какви обиди за нејзино враќање.

**Исто така постои и Светски ден против смртната казна:**

**А – точно**

**Б – неточно**

**Доколку одговориш точно, оди 1 место напред**

**Одговор А:** Точно, овој посебен ден се празнува на 10 октомври.

## Слобода на изразување: дефиниција



Сите имаат право да го изразат своето мислење, кога ќе посакаат. Слободата на изразување е фундаментално право на секој.

**Слободата на изразување му овозможува на секој:**

**А – да каже што сака и на кога сака**

**Б – да каже што мисли, сѐ додека со тоа не ги повредува правата на другите**

**В – да го каже она што го мисли мнозинството**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор Б:** Слободата на изразување е многу битно право и за децата исто така. Штом децата ќе пораснат доволно за да го изразат своето мислење, тие се стекнуваат со право да го изразат своето мислење, посебно за прашања кои ги засегаат. Земјите треба да обезбедат почитување на ова право.


СЛОБОДА НА
ИЗРАЗУВАЊЕ


СЛОБОДА НА
ИЗРАЗУВАЊЕ


СЛОБОДА НА
ИЗРАЗУВАЊЕ


СЛОБОДА НА
ИЗРАЗУВАЊЕ

# Слободни медиуми и слобода на изразување



За да се обезбеди слобода на изразување, медиумите не смеат да бидат зависни од оние кои имаат политичка власт. Медиумите и политичката власт исто така не треба да се наоѓаат во рацете на исти луѓе. Во обратен случај, информациите би можеле да се манипулираат и фалсификуваат.

**Во демократијата, медиумите имаат право да го кренат гласот против владата на државата:**

**А – точно**

**Б – неточно**

**Доколку одговориш точно, оди 1 место напред**

**Одговор А:** Секој има право да каже дека не се согласува со политиката што ја води владата – тоа е дел од правото на слобода на изразување. Демократската влада не може да спречи расправа или да ги спречи луѓето, кои не се согласуваат, да говорат.

# Дали на Интернет може да кажеме сè што сакаме?



Интернетот дава можност слободно да се изразиш и да ги споделиш твоите идеи на социјалните мрежи. Меѓутоа, дали тоа значи дека можеш да кажеш сè што сакаш? Не. Навредите, озборувањата, заканите и говорот на омраза не претставуваат слобода на изразување.

**Навреда и клевета е:**

**А – да му се забрани некому да го каже своето мислење**

**Б – да се коментира за вестите на медиумите**

**В – да се дадат навредливи коментари за некого кој може да се препознае во тие коментари**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор В:** Во европските земји, навредата и клеветата се казнуваат со закон. Слободата на изразување се протега сè дотаму до каде што не се меша со слободата на изразување на другите. Во секој случај, никој нема право да навредува друго лице.

# Слобода на мисла и религија



Секој има право да мисли и да верува во тоа што сака, под услов да ги почитува мислењата и уверувањата на другите.

**Секој има право слободно да ја избере својата религија:**

**А – точно**

**Б – неточно**

**Доколку одговориш точно, оди 1 место напред**

**Одговор А:** Да, секој има право слободно да ја избере својата религија, а исто така и има и право да нема религија. Родителите имаат право и обврска да ги водат своите деца при изборот.

# Широко распростра-нување на ставови: медиуми



Доколку сакаш да ги изразиш своите идеи и ставови можеш да напишеш книга или статија во весник, да зборуваш на радио или телевизија или да комуницираш преку Интернет. Сите овие средства се викаат „медиуми" или „средства за комуникација".

**Забраната за децата да пристапат кон одредени веб-страници е повреда на нивното право на информации:**

**А – точно**

**Б – неточно**

**Доколку одговориш точно, оди 1 место напред**

**Одговорите А и Б се точни,** зависно од тоа кои веб-страници се забранети. Во некои случаи, страниците кои се забранети се опасни за децата и возрасните имаат обврска да ги заштитат. Но доколку веб-страниците не се опасни, тоа претставува повреда на правото на информации.


СЛОБОДА НА
ИЗРАЗУВАЊЕ

СЛОБОДА НА
ИЗРАЗУВАЊЕ

СЛОБОДА НА
ИЗРАЗУВАЊЕ

СЛОБОДА НА
ИЗРАЗУВАЊЕ

# Цензура!



Кога некое тело (државно, религиозно или друго) му забранува на одредено лице, новинар или медиум слободно да го изрази своето мислење, тоа значи дека врши цензура. Многу новинари во светот го ризикуваат својот живот доколку објават одредена информација

**Дали знаеш за некој пример во кој животите на новинари биле под закана или загрозени бидејќи одлучиле да објават работи кои другите не ги одобрувале?**

**Дискутирај за некој пример и оди 2 места напред**

# Слобода на изразување и почитување на другите



Слободата на изразување е право. Меѓутоа, како и сите други права, ти нема повеќе да имаш право на слобода на изразување доколку ги навредуваш другите или ги повредуваш нивните права.

**Што, според твое мислење, претставува ограничување на слободата на изразување? Што некој може и што не може да каже?**

**Оди 1 место напред откако ќе поразговараш за ова со твоите соиграчи**

# Не за говорот на омраза



Советот на Европа започна кампања против говорот на омраза на Интернет.

**Што е говор на омраза? Дали некогаш си прочитал или слушнал говор на омраза? Што можеш да направиш доколку прочиташ или видиш говор на омраза на Интернет?**

**Сподели ги твоите идеи и оди 1 место напред**

Можеш да најдеш мноштво на идеи и примери на веб-страницата на кампањата „Не за говорот на омраза“: http://www.nohatespeechmovement.org/



# Креативен предизвик за сите!

**Заедно со целиот тим, направете сцена на која ќе ја прикажете слободата на изразување. Секој член од тимот треба да има свое место на сцената. Разговарајте што за вас значи „слободата на изразување“, а пота поставете сцена која тоа ќе го прикаже. Имате 5 минути.**

**Одете 2 места напред доколку успеете да направите сцена која ја прикажува слободата на изразување**


ПРАВЕДЕН
СУДСКИ СИСТЕМ


ПРАВЕДЕН
СУДСКИ СИСТЕМ


ПРАВЕДЕН
СУДСКИ СИСТЕМ


ПРАВЕДЕН
СУДСКИ СИСТЕМ

# Внимавај, корупција!



Корупцијата ја искористува положбата на власт или богатство на едно лице за да се влијае врз донесување на одлука или за да се добие некоја предност.

**Доколку судијата прими пари за да одлучи во корист на едно лице, тогаш тоа е корупција:**

**А – точно**

**Б – неточно**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор А:** Да, тоа е корупција. Корумпиран судски систем е чиста спротивност на праведен судски систем и корупцијата се казнува со закон.

# Секој е невин додека не се докаже дека е виновен



Секое лице кое е обвинето за кривично дело се смета за невино сè додека не се докаже дека е виновно. Никој не може да биде обвинет доколку нема докази за тоа.

**Дали се сеќаваш на некоја ситуација во која погрешно те обвиниле дека си сторил нешто? И дали ти погрешно си обвинил некој друг?**

**Сподели ги твоите искуства со другите и оди 2 места напред**

# Што е правда?



Правдата е морално начело со кое се уредува како ние живееме заедно во општеството; се заснова на почитување на законите и на почитување на правата на другите. Сите се еднакви пред законот. Судовите одлучуваат дали некое лице го почитува законот или не.

**Во демократијата, законите се донесуваат со гласање:**

**А – од страна на лидерот/шефот на државата**

**Б – од страна на членовите на парламентот кои ги избираат граѓаните**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор Б:** Законите ги донесува парламентот и парламентот треба да биде независен од владата.

# Судии и независно судство



За да можат да ги решаваат предметите на фер и праведен начин, судиите и судовите не треба да бидат под влијание на власта и не треба да заземаат страни.

**За време на судењето, судијата може да побара мислење од владата или од претседателот на државата кое може да му помогне во донесување на одлуката:**

**А – точно**

**Б – неточно**

**Доколку одговориш точно, оди 1 место напред**

**Одговор Б:** Се разбира, ова е погрешно. Доколку судиите тоа го прават, тие не би биле независни од власта и нивните одлуки не би биле праведни. Напротив, нивните одлуки би биле неправедни!

ПРАВЕДЕН СУДСКИ СИСТЕМ



ПРАВЕДЕН СУДСКИ СИСТЕМ



ПРАВЕДЕН СУДСКИ СИСТЕМ



ПРАВЕДЕН СУДСКИ СИСТЕМ





# Креативен предизвик за сите!

**Нацртајте цртеж на кој ќе прикажете како ја разбирате или „замислувате“ правдата. Секој тим може да нацрта по еден цртеж или сите може да нацртате заеднички цртеж. Имате 5 минути.**

**Сите тимови одат 2 места напред доколку успеат да нацртаат цртеж**



# Европска правда

Доколку некое лице се обидело да добие правда во неговата земја но смета дека неговите права не биле почитувани, тоа лице може да поднесе жалба до Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

**Европскиот суд има број на судии кој е еднаков на бројот на држави членки, со други зборови:**

**А – 12 судии**

**Б – 28 судии**

**В – 47 судии**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор В:** Има по еден судија од секоја држава членка на Советот на Европа, со други зборови има 47 судии. Постои исто така и Европски суд за правдата во Луксембург, кој има 28 судии. Овој суд ја оценува усогласеноста со европското право.



# Право на адвокат

Секое лице кое е обвинето дека сторило кривично дело мора да има право да се брани со адвокат. Исто така, треба да биде запознаено за она за што се обвинува на јазик што го разбира.

**Доколку обвинетото лице нема доволно пари да плати адвокат да го брани:**

**А – тогаш ќе мора да се брани сам**

**Б – ќе му помага и ќе го застапува адвокат бесплатно**

**В – автоматски ќе биде прогласен за виновни**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор Б:** Одговорите А и В би биле целосно неправедни! Дури и сиромашните очигледно имаат право на фер и праведно судење.



# Правдата и децата

Децата исто така имаат право на правна заштита и ним може да им се суди доколку сторат кривично дело или доколку не го почитуваат законот.

**Конвенцијата за правата на детето предвидува дека:**

**А – на децата треба да им се суди на ист начин како и на возрасните**

**Б – возраста на детето мора да се земе во предвид при одлучувањето**

**В – на децата не може да им се суди**

**Доколку одговориш точно, оди 2 места напред**

**Одговор Б:** Постојат казни кои можат да им се изречат на децата кои не го почитувале законот но децата не можат, на пример да одат во затвор и судот мора да ја земе предвид возраста на детето при одлучувањето.


G
E
F
A
B
C
D
A
A


A


A
A
A
A
A


A
A
A
A
A
A
F
E
D
C
B
A
G

# ДИПЛОМА ЗА МЛАД ЕВРОПСКИ ГРАЃАНИН

се доделува на ______________________________

член на тимот ______________________________

од ..... одделение ______________________________

име на училиштето ______________________________

датум ______________________________

за неговото/нејзиното познавање на европските вредности.

Советот на Европа е главна европска организација, која ги брани човековите права. Таа има 47 држави членки, од кои 28 се истовремено и земји членки на Европската Унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја имаат потпишано Европската конвенција за човекови права, меѓународен договор кој има за цел да ги штити човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на Конвенцијата во државите членки.

www.coe.int

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE




# ЕВРОПСКИТЕ ГЛАВНИ ВРЕДНОСТИ

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE



# СОВЕТ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ

## ПОДГОТВУВАЊЕ НА ИГРАТА

Пред да започнете со играта, можеби е добра идеа да им се објасни контекстот и содржината на учениците. На пример,може да им кажете дека играта е создадена од страна на Советот на Европа, организација која ги брани човековите права и има 47 држави членки.
Исто така е битно, тие да го разберат значењето на зборот „вредност" и да се запознаат со шесте вредности во играта. Поимникот што е содржан во брошурата ќе ви помогне да ги објасните изразите.

## ФОРМИРАЊЕ НА ТИМОВИТЕ

Имајќи предвид дека во играта се опфатени различни вредности, најдобро е да им се дозволи на децата да играат во мешани тимови и да се поттикнува кохезија во групите со вклучување на деца кои не се навикнати да учествуваат.
Откако ќе се формираат тимовите, побарајте секој тим да си одбере свое име.

## ВОДЕТЕ СМЕТКА ИГРАТА ДА СЕ ОДВИВА НЕПРЕЧЕНО

Ве советуваме да поставите дополнителни правила:
- Секое мислење ќе се почитува, дури и во случај кога постои некое несогласување;
- Играчите нема да ги оценуваат своите соиграчи во тимот;
- Сите треба да бидат вклучени во играта преку поделба на задачите (фрлање на коцката, читање на глас на прашањата и одговорите, движење на фигурите на таблата, итн.).
  Ова е тимска игра: секој член на тимот треба да се консултира за одговорите.

## ТЕК НА ИГРАТА

На крајот на играта, наставниците можат да одлучат определена вредност поподробно да се изучува, на пример предлагајќи дискусија со учениците. Дискусијата може да се заснова на следниве прашања:
- Што мислиш за играва?
- Како се чувствуваше во тимот?
- Што научи што веќе не ти беше познато?
- Дали имаше нешто што тебе посебно те изненади?
- На што посебно се сеќаваш?
- Зошто мислиш дека оваа игра е важна?



**© Совет на Европа.**
За сите прашања поврзани со репродукција или превод на овој документ, во целост или негов дел, обратете се на Директоратот за комуникации (publishing@coe.int).
Концепт и оригинален
текст: Sophie Jeleff.
Координација на уредувањето и графичкиот дизајн: тимот на Директоратот за комуникации со поддршка со Nadine Lyamouri
Продукција: Médiatools
**www.mediatools.fr**
Илустрации: Toma Danton
Графички дизајн: Guy de Guglielmi
Издавач: Marie Mazas

# ЕВРОПСКИТЕ ГЛАВНИ ВРЕДНОСТИ

**Научете ги нешто повеќе вашите ученици за заедничките вредности во Европа:** слобода на изразување, праведен судски систем, родова еднаквост, укинување на смртната казна, слободни избори и разноликост/недискриминација.

**Забавувајте се како тим при одговарање на предизвиците за кои треба** да поразговарате и на тој начин да го тестирате вашето знаење за демократијата и човековите права!



Оваа брошура содржи табла за играње за ученици на возраст од 8-12 години (крај на основното образование /почеток на средното образование), а исто така содржи и информации како да се подготвите за играта или како да се надградите на она што веќе го знаете.
**Ова е голема можност во училницата да се комбинира играта со дискусии за главните вредности кои ни овозможуваат да живееме заедно во општеството.**

Откриј ја **дигиталната верзија на играта:**
http://game-europe-values.eu

MKD

www.coe.int

Советот на Европа е главна европска организација, која ги брани човековите права.
Таа има 47 држави членки, од кои 28 се истовремено и земји членки на Европската Унија.
Сите држави членки на Советот на Европа ја имаат потпишано Европската конвенција за човекови права, меѓународен договор кој има за цел да ги штити човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на Конвенцијата во државите членки.

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE